# Статистичко истражување за хармонизиран индекс на трошоците на животот

## Ц_Т.ЖИВОТ.Х_М_МК_2021_12

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за животен стандард | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Елвидина Луковиќ | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Помлад соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев" бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| elvidina.lukovic@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| ++389 2 3295-729 | |
| **1.8** | **Факс** |
| | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 05.10.2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 05.10.2022 | |
| **3** | **Статистичка презентација** |
| | |
| **3.1** | **Опис на податоците** |
| Индекси на хармонизирани трошоци на живот (вкупно, по главни групи и подгрупи). | |
| **3.2** | **Систем на класификации** |
| **Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН** | |
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |
| Сектор Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (оддел 45 и 47). | |
| **3.4** | **Статистички концепти и дефиниции** |
| Под цени на мало се подразбираат цените по кои трговијата на мало, индивидуалните производители и вршителите на услугите ги продаваат производите и услугите на крајните потрошувачи. Во цените е вклучен и ДДВ. | |
| **3.5** | **Статистичка единица** |
| Извештајни единици: сниматели на цени на мало. Единици на набљудување: репрезентативно избрани производи и услуги кои се продаваат во сектор Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (оддел 45 и 47). | |
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| Сите репрезентативно избрани производи и услуги кои се продаваат во сектор Е - Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (оддел 45 и 47). | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија) | |

| 3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

Од јануари 2005 година, според **Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН**

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

2015=100.

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

Индекси

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Месец

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

**Национални:** **Закон за државната статистика** („Службен весник на РМ" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и **Програма за статистички истражувања 2018-2022** („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 22/18 и 224/18).

**Меѓународни:** Регулатива (ЕЗ) бр. 1334/2007, 1617/1999, 1687/98, 1688/98, 1708/2005, 1749/96, 1749/99, 1920/2001, 1921/2001, 2166/1999, 2214/96, 2601/2000, 2602/2000, 2646/98, 330/2009, 701/2006, 1114/2010, 2015/2010, 2016/792,93/2013

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Временска серија за месечни податоци од 2005. Се испраќаат преку (eDAMIS) до Евростат

| 7 | **Доверливост** |
|---|---|

| 7.1 | **Доверливост - политика** |
|---|---|

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со **Законот за државна статистика.** Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. **Политиката за статистичка доверливост** ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

| 7.2 | **Доверливост - третирање на податоците** |
|---|---|

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување на статистичка доверливост.

| 8 | **Политика за објавување** |
|---|---|

| 8.1 | **Календар на објавување** |
|---|---|

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Календарот на објавување се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година.

| 8.2 | **Пристап до Календарот на објавување** |
|---|---|

**Календар на објавување**

| 8.3 | **Кориснички пристап** |
|---|---|

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на објавување и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| 9 | **Фреквенција на дисеминација** |
|---|---|

Месечна

| 10 | **Достапност и јасност** |
|---|---|

| 10.1 | **Соопштенија** |
|---|---|

| 10.2 | **Публикации** |
|---|---|

| 10.3 | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

**МАКСтат базата на податоци - Цени/ Цени на мало и трошоци на животот**

Број на прегледи на податочните табели од МАКСтат 162

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со **Законот за државна статистика** (член 41) и со **Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели** , податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

## 10.5 Друго

## 10.6 Документација за методологијата

**Методолошко објаснување, национално**

## 10.7 Документација за квалитетот

**Извештај за квалитет за 2015, од ДЗС**

Број на прегледи на метаподатоци = 0

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во:
- **Законот за државна статистика** ,
- **Стратегискиот план на Државниот завод за статистика** ,
- **Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика**

како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот за работа на европската статистика . Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси. Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

## 11.2 Оценка на квалитетот

Статистичките податоци за хармонизираниот индекс на трошоците на живот претставуваат основен хармонизиран индикатор за инфлација кој е меѓународно споредлив со земјите од ЕУ. Податоците за хармонизираните индекси на трошоците за живот се користат од страна на Народната банка на Република Северна Македонија, од страна на Владата и соодветните министерства, како Министерството за финансии и од други меѓународни и финансисиски институции како ОН, ММФ. Исто така податоците се користат и од страна на деловната заедница, научни институции, универзитети и медиуми.

Статистичкото истражување за хармонизираниот индекс на трошоците на живот го задоволува принципот на точност.

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување.

Хармонизираниите индекси на трошоците на живот се временски и географски споредливи, обезбедена е меѓудоменска и внатрешна кохерентност на податоците.

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Статистичките податоци за хармонизираниот индекс на трошоците на живот претставуваат основен хармонизиран индикатор за инфлација кој е меѓународно споредлив со земјите од ЕУ. Податоците за хармонизираните индекси на трошоците за живот се користат од страна на Народната банка на Република Северна Македонија, од страна на Владата и соодветните министерства, како Министерството за финансии и од други меѓународни и финансисиски институции како ОН, ММФ. Исто така податоците се користат и од страна на деловната заедница, научни институции, универзитети и медиуми.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика ја спроведува **Анкетата за мерење на задоволството на корисниците** . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015, 2017 и последната во 2019 година.

## 12.3 Комплетност

Согласно препораките, Државниот завод за статистика ги обезбедува сите барани податоци, според **Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН**

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува со преземање мерки за намалување на примерочните и/или на непримерочните грешки, како и со дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.2 | **Примерочни грешки** |
|---|---|

Не е применливо, статистичкото истражување не се спроведува врз случајно избран примерок и нема пресметка на примерочни грешки.

| 13.3 | **Непримерочни грешки** |
|---|---|

**Грешки во опфат:** Се обезбедува 100% опфат, снимателите ги прибираат сите цени на производи и услуги.

**Грешки во спецификацијата:** При промена на спецификацијата се врши усогласување на базната цена.

**Грешки во обработката:** Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци.

**Грешки во неодговор:** Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговор нема.

**Импутација:** Кога во тековниот месец определениот специфициран производ/услуга не се појавува, се врши импутација на цената на конкретниот производ. Во месеците кога недостасува некој производ или услуга поради сезонскиот карактер на производот, при пресметката на хармонизираниот индекс на трошоците на животот се применува сезонско прилагодување на цената на дадениот производ или услуга.

| 14 | **Навременост и точност** |
|---|---|

| 14.1 | **Навременост** |
|---|---|

T+20

| 14.2 | **Точност** |
|---|---|

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

| 15 | **Кохерентност и споредливост** |
|---|---|

| 15.1 | **Географска споредливост** |
|---|---|

Податоците се споредливи на НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија). Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво (Евростат).

| 15.2 | **Временска споредливост** |
|---|---|

Од јануари 2005 година по **Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН** и нема прекин на временската серија. Бројот на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е 204.

| 15.3 | **Меѓудоменска кохерентност** |
|---|---|

Не е применливо

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Не се пресметува

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Во согласност со **Политиката за ревизија**

| 17.2 | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Податоците се дефинитивни (конечни) кога првпат се објавуваат.

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Ова статистичко истражување е примерочно истражување на 1500 снимачки места (трговските дуќани, претпријатијата, услужните претпријатија, ресторани, хотели, пазари). Примерокот за цените на мало се состои од два дела: - примерок на деловни субјекти, - примерок на производи и услуги. Рамка за избор на примерокот за цените на мало е Регистарот на трговски и угостителски објекти. Примерокот за деловните субјекти е дизајниран како стратифициран систематски примерок од градскиот дел во осумте региони во Република Северна Македонија. Примерокот на производи и услуги, односно листата на производи и услуги ги содржи најважните или таканаречени репрезентативни производи кои се од особено значење (по обем и по вредност) во личната потрошувачка и чии цени треба да го покажуваат општото движење на цените на производите и услугите за лична потрошувачка. Примерокот содржи 668 специфицирани производи и услуги а ажурирањето на истиот се врши годишно.

| 18.2 | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Месечна

| 18.3 | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Податоците за цените на мало се прибираат со помош на овластените сниматели, вработени во Регионалните одделенија за статистика кои го пополнуваат статистичките прашалници: Ц-10 - Цени на земјоделски производи (прва недела 1-7 во месецот); Ц-11 - Цени на земјоделски производи (трета недела 15-21 во месецот); Ц-12 - Цени на индустриско-прехранбени производи (11 до 17 во месецот); Ц-13 - Цени на индустриско-непрехранбени производи (1 до 15 во месецот). Цените на нафтените деривати се следат од 26-ти во претходниот месец до 25-ти во тековниот месец, со цел да се опфатат повеќекратните промени на цените во текот на еден месец; Ц-14 - Цени на услуги (14 до 16 во месецот), и Ц-15 - Цени на угостителски услуги (18 до 22 во месецот).

## 18.4 Проверка на податоците

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми и правила за контрола. Проверка на податоците од страна на овластените сниматели се врши пред и по внесувањето во електронскиот прашалник. За отстапувањата непосредно се контактираат снимателите на цени. Проверка се врши како на просечните цени на ниво на земјата, така и на готовите индекси пред нивното објавување.

## 18.5 Компилирање податоци

Едитирање: Пристигнатите податоци од овластените сниматели на цени, по проверката и евентуалната корекција во консултација со нив, се внесуваат на електронски медиум, во апликација Access. Пондери: За пондерирање до 4-то ниво според Класификација на личната потрошувачка според намената, КЛПН, се користи вредноста на финалната потрошувачка на домаќинствата во кои се вклучени и нерезидентите. Извор на овие податоци е секторот за национални сметки. За утврдување на пондерите на 5-то ниво на оваа класификација се користи структурата на реализираната вредност на купените производи и услуги на домаќинствата во базната година добиени од "Анкетата за потрошувачка на домаќинствата" (АПД). Пондерите се менуваат секоја година.

## 18.6 Прилагодување

Се вршат процедури за квалитативно прилагодување во случаи кога карактеристиките на новите производи се разликуваат од оние кои се заменуваат и кои служеле за претходна пресметка на индексите на елементарните агрегати. Затоа неопходно е да се проценат ефектите на промената во квалитетот помеѓу стариот производ и оној кој го заменува.

## 19 Коментар

Нема коментар

## А.1 Анекси